ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-282/12

Дата: 13.05.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Град Скопје за 2014 година.

За финансиските извештаи за 2014 година на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Град Скопје изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, а мислење за усогласеност со закони и прописи се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Град Скопје за 2007 година, за која во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор е дадена една препорака, по која делумно е постапено.

На оваа сметка се евидентирани трансфери од централната власт по основ на наменска дотација од областа на пожарникарството и блок дотации од областа на средното образование и културата.

Ревизијата во делот на останати прашања ја истакнува системската слабост во делот на превозот на учениците во средното образование.

На Нацрт извештајот, од страна на законскиот застапник на субјектот, не се дадени забелешки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 7 и 8 заедно со ревизија на усогласеност на Град Скопје на сметката на приходи на буџет на дотации (930), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи за 2007 година и за усогласеност со закони и прописи на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Град Скопје за 2007 година. За вистинитоста и објективноста на финасиската состојба на сметката за приходи на буџет на дотации (930) на Град Скопје од 31.12.2007 година и резултатот од финасиските активности за годината што завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финасиските трансакции за 2007 година изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Коце Трајановски, градоначалник на Град Скопје од 2009 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и

да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.09.2015 до 11.01.2016 година кај Град Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР во 2007 година.
Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, во кој ревизијата констатира дека истата е делумно спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 11.01.2016 година.

На Нацрт извештајот број 12-282/3 од 17.03.2016 година, од страна на законскиот застапник на субјектот, не се дадени забелешки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на приходи на буџет на дотации (930) на Град Скопје на ден 31 декември 2014 година

како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, по корисници, се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на финансиските извештаи на соодветниот корисник на наменски дотации.

## 6. Останати прашања

6.1.1. Со воведување на средно задолжително образование од учебната 2008/2009 година, како и воведување на бесплатен превоз за учениците од средно образование, средствата од блок дотациите од Министерството за образование и наука не се доволни за финансирање на услугите за превоз на учениците од јавните средни училишта чиј основач е Град Скопје. Превозот на овие ученици е регулиран со договор со Јавното сообраќајно претпријатие, со кој е регулирано дека бесплатен превоз можат да користат само ученици кои живеат на оддалеченост поголема од 2,5 километри од средното училиште во кое се запишани и тоа во период од девет месеци (од септември во тековната до 20 јуни во наредната година). Во периодот месец јуни, јули и август, зависно од потребите на работодавачите, дел од учениците треба да патуваат и до 20 километри за да посетуваат феријална пракса, а не им следува бесплатен месечен билет. Во неколку училишта учат ученици од други градови кои не се многу оддалечени од Скопје и патуваат секојдневно, но не им се дава месечен бесплатен билет.

Ваквите состојби се актуелни подолг период, а се резултат на следното:

- Воведување задолжително средно образование од учебната 2008/2009 година како и воведување на бесплатен превоз на учениците;
- Со пренесување на надлежноста за обезбедување бесплатен превоз на учениците во средно образование, блок дотациите за материјални трошоци не се зголемени и истите не се доволни за покривање на овие трошоци;
- Критериумите по кои се врши распределба на средствата од блок дотациите на единиците на локалната самоуправа подолг период не се променети и
- Трошоците за превоз ги покрива општината каде средношколците посетуваат настава без разлика од која општина доаѓаат.

Со цел да се надминат истакнатите слабости потребно е Министерството за образование и наука во координација со Владата на Република Македонија во соработка со единиците на локалната самоуправа да преземат мерки и активности во насока на изнаоѓање нови решенија со превозот на учениците во средното образование.

**Град Скопје**
**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2014** | **2013** |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 1.329.717 | 1.307.649 |
| **Вкупно приходи** | | **1.329.717** | **1.307.649** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 910.582 | 910.908 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 399.331 | 394.971 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3 | 100 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1.310.013** | **1.305.879** |
| **Вкупно расходи** | | **1.310.013** | **1.305.879** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **19.704** | **1.770** |

**Град Скопје**

**Сметка на приходи на буџет на дотации (930)**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 19.704 | 1.770 |
| **Вкупно тековни средства** | | **19.704** | **1.770** |
| **Вкупна актива** | | **19.704** | **1.770** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 19.704 | 1.770 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **19.704** | **1.770** |
| **Вкупна пасива** | | **19.704** | **1.770** |